У-6 бр.654/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Даниела Антовска - судија поединец, одлучувајќи по тужбата на тужителот J.M. од Струга, поднесена против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-255 од 23.07.2025 година, за пристап до информации од јавен карактер, по одржана јавна расправа на 16.04.2026 година, во отсуство на тужителот, а во присуство на овластен претставник на тужениот орган, ја донесе и објави следната:

14.05.2026
08 | 255

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот J.M. од Струга, поднесена против Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-255 од 23.07.2025 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 08-255 од 23.07.2025 година, Жалбата бр.08-255 од 10.07.2025 година, изјавена од страна на J.M. од Струга, се одбива како неоснована, а решението на Имателот на информацијата бр.37-2398/5 од 27.06.2025 година, се потврдува.

Незадоволен од решението на тужениот орган, тужителот поведе управен спор со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи, поради погрешно утврдена фактичка состојба и неправилна примена на материјалното право. Во тужбата наведува дека тужителот незадоволен од паушалниот одговор донесен во форма и на начин спротивен на закон, по поднесеното Повторно барање за дополнително добивање на бараните информации и молчење од страна на првостепениот одговор, поднел жалба до тужениот орган, од чија страна е донесено решение со кое жалбата се прифаќа во целост, а првостепениот орган се задолжува да постапи согласно Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно да донесе решение со кое барањето се прифаќа, а бараните информации да бидат доставени на начин опишан во барањето. Постапувајќи по решението, првостепениот орган, донел решение со кое е уважено барањето за пристап до информации од јавен карактер, со кое бара да и се доставaт информации за износ на исплатени надоместоци за патни трошоци и кирии поединечно, за секој пратеник за времетраењето на мандатот 2020-2024 година, но иако истото е уважено во целост, содржи делумни информации, спротивно на укажувањата на Агенцијата за заштита на правото на

слободен пристап до информации од јавен карактер со решението, со неосновано овразложение за сукцесивно добивање на бараните информации, надвор од законските рокови. Понатаму, се укажува дека првостепениот орган постапил надвор од законските рокови при носењето на првостепеното решение кое е неправилно и законски неосновано, при што, тужениот орган неосновано утврдил дека првостепениот орган постапил правилно и согласно укажувањата на тужениот орган и донел решение, наместо првобитниот одговор на барање, занемарувајќи ги основите за за жалба и необразложувајќи ја основаноста на истите. Тужениот орган воопшто не ги образложил фактите кои произлегуваат од доказите и врз основа на кои од нив го донел оспореното решение, туку само едноставно ги цитирал наводите од жалбата и одговорот на жалба и никако не образложил како првостепениот орган постапил правилно кога известувањето содржано во решението дека се работи за обемна информација не било доставено ниту еднаш, нито во рок од седум дена од денот на приемот на барањето или пак од решението на Агенцијата по кое првостепениот орган бил задолжен да постапи, туку истото известување го има добиено по повеќе од 60 дена од денот на поднесеното барање. Дополнително на тоа, првостепениот орган до денот на поднесување на оваа тужба се уште немал постапено во законскиот рок од 30 дена за доставување на комплетната информација, факт што тужениот орган истото не го зел во предвид ниту образложил за незаконитоста на истото. Воедно, тужениот орган неправилно и нецелосно констатирал дека првостепениот орган постапил согласно членот 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Тужениот орган нецелосно и неправилно утврдил дека првостепениот орган постапил правилно и согласно закон со носење на решението, иако притоа не дал целосни информации во законски рок, ниту пак во рок по поднесување на второстепеното решение со јасни укажувања, а сето тоа со цел првостепениот тенденциозно да ја одолговлечи постапката, повредувајќи ги законските права. Исто така се укажува дека тужениот орган неправилно утврдил дека управниот акт е правилен и донесен врз основа на закон, од причини што не ги утврдил решавачките факти кои доведуваат до целосна и правилно утврдена фактичка состојба, од кои факти повеќе од јасно произлегува дека жалбеното решение, донесено од првостепениот орган е неправилно и незаконско, а со тоа и основот за носење на оспореното решение е погрешен. Предложи тужбата да се уважи, оспореното решение да се поништи и предметот да се врати на повторно одлучување на тужениот оран и истиот да се задолжи на тужителот да му ги надомести трошоците на постапката.

Тужениот орган во одговор на тужбата, ги достави списите по предметот и остана кон наводите на оспореното решение, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одоговорот на тужба, судот го достави до тужителот заедно со поканата за јавна расправа, кој уредно поканет не се јави, а до судот на ден 15.04.2026 година, достави поднесок со кој го извести Судот дека поради службено патување надвор од државата, не е во можност да присуствува на закажаното рочиште, а воедно укажа дека во целост останува кон наводите и материјалните докази приложени кон тужбата.

На одржаната јавна расправа на 16.04.2026 година, овластениот претставник на тужениот орган, истакна дека согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација која имателот ја создал или со истата располага. Во конкретниот случај, имателот ја создал и располагал со информацијата, а со првостепеното решение не го одбил барањето за останатите години, туку го известува барателот

дека за останатите години сукцесивно ќе ги достави по нивна подготовка и согласно нивната евиденција. Во ниту еден момент, имателот не го одбил барањето на сега тужителот, ниту негира дека ги нема, туку напротив тврди дека ја има информацијата, но последователно ќе ја достави како ќе биде подготвени податоците. Предложи тужбата да се одбие како неоснована, а оспореното решение да се потврди.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: тужба, оспорено Решение на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-255 од 23.07.2025 година, копија од лична карта на име на тужител, Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено електронски, Одговор на барање од Собрание на РСМ бр.34-2398/3 од 12.05.2025 година, принтскрин од маил од 13.05.2025 година, барање за запознавање со информации, решение на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.08-255 од 12.06.2025 година, достава на решение од Собрание на РСМ бр.37-2398/6 од 27.06.2025 година, Решение на Собраните на РСМ бр.37-2398 од 27.06.2025 година, со прилог табела за исплатени средства по пратеник за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина по поднесени патни напози за 2024 година, доказ за достава на решение по електронски пат, Одговор на тужба од тужен орган бр.08-255 од 22.09.2025 година, жалба од 27.05.2025 година, Одговор на жалба од од 03.06.2025 година, Барање за запознавање со информации (повторно) од 13.05.2025 година, жалба од 08.07.2025 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита побиваното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, одговорот на тужба, списите по предметот, наводите истакнати на јавната расправа како и доказите изведени на истата утврди дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Од списите на предметот произлегува дека сега тужителот J.M. од Струга, како што е наведено во Жалбата бр.08-255 од 10.07.2025 година, на ден 23.04.2025 година до Собранието на РСМ, поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое побарал по е-маил да и се достави електоронски запис од следната индормација:Износ на исплатени патни трошоци и кирии поединечно по пратеник ( за мандатот 2020-2024).

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер на тужителот, Имателот на информации првично доставил Одговор на барање бр. 37-2398/3 од 12.05.2025 година, при што му доставил на тужителот збирни износи, наместо поединечно за секој пратеник, како што гласи барањето. Тужителот на ден 13.05.2025 година до Имателот на информации поднел повторно барање за пристап до информации од јавен карактер во кое е наведено дека во прилог на тој маил, го препраќа барањето за запознавање со информации.

Имателот на Информации не постапил по повторното барање, по што, тужителот во законски предвидениот рок, поднел жалба за недоставување на барани информации по повторно барање, до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која постапувајќи по истата, донела Решение бр. 08-255 од 12.06.2025 година, со кое жалбата на Јована Мојсоска од Струга, ја уважила и предметот го вратила на повторно постапување пред првостепениот орган, од причина што Имателот на информации не постапил

правилно и во целост согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на тужителот не му ги доставил бараните информации на начин и во форма наведени во Барањето.

Постапувајќи по решението бр. 08-255 од 12.06.2025 година, на Агенцијата, Имателот на информации донел решение бр. 37-2398/5 од 27.06.2025 година со кое барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер се уважува и во прилог на истото, на барателот му доставил табели со обработени податоци сголасно сметководствената евиденција и тоа: табела за дел од исплатени средства по пратеник за надоместок за користење на атомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина по днесени патни налози за 2024 година и табела за дел од исплатени кирии по пратеник врз основа на Одлука за утврдување правото на надоместок за закупнина на стан донесена од Комисијата за прашања на изборите и именувањата за 2024 година. Месечната закупнина се исплаќа на закуподавачот бруто износ согласно склучен договор во денарска противвредност. Воедно барателот е информиран дека, согласно динамиката на работните активности, жанатиот дел од бараните податоци ќе бидат доставувани сукцесивно, по нивната дготовка и согласно сметководствената евиденција.

Незадоволен од вака донесеното решение сега тужителот повторно поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер , во која е наведено дека од страна на имателот на информација е донесено обжаленото решение бр.37-2398/5 од 27.06.2025 година, со кое нејзиното барање од 23.04.2025 година е уважено во целост но доставените податоци се однесуваат само за 2024 година.

На ден 16.07.2025 година, Имателот на информации, на барање на тужениот орган, доставил Одговор на жалба бр. 08-255, во кој е наведено дека неосновани се наводите истакнати во жалбата на тужителот, од причина што имателот согласно задолжението од решението на Агенцијата, донел решение за уважување на барањето на тужителот и сукцесивно е отпочнато доставување на табели со обработени податоци. Во прилог на одговорот на жалба, меѓу другите докази во врска со предметот, достави и Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 37-2398/8 од 11.07.2025 година, со прилог табела за дел од исплатени средства по пратеник за надоместок на користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина по поднесени патни налози за мандат 2020-2024 година по години и табела за дел од исплатени кирии за пратеник за мандат 2020-2024 години по години, врз основа на Одлука за утврдување на правото на надоместок за закупнина на стан донесена од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Постапувајќи по жалбата. тужениот орган го донел сега оспореното решение.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019). Со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Според став 2 на

истиот член, Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Согласно член 3 став 1 алинеја 7 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап: 1) ќе се открие злоупотреба на службена положба и корумпивно однесување; 2) ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3) ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4) ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5) ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6) ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7) ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Согласно член 12 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис. Согласно став 2, Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма. Согласно став 3, секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Согласно член 14 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, за писменото барање за пристап до информации одлучува имателот на информации во постапка утврдена со овој закон. Согласно став 2 од истиот член, за прашања на постапката од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Согласно член 15 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, Барањето за пристап до информации го поднесува барателот до имателот на информации. Согласно став 2 од истиот член, Барањето од ставот (1) на овој член поднесено во електронска форма се смета за писмено барање од членот 14 од овој закон.

Согласно член 16 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, Формата на образецот на барањето за пристап до информациите ја пропишува директорот на Агенцијата и имателот на информацијата е должен да му го обезбеди образецот на барателот. Согласно став 2, Барањето се поднесува на образецот од ставот (1) на овој член или во друга форма и на начин согласно со членот 12 став (1) од овој закон. Согласно став 3, Барањето содржи назив на имателот на информацијата, личното име и презиме на барателот на информацијата, податоци за можниот застапник или ополномоштеното лице, фирмата или правното лице. Согласно став 4, Во барањето барателот е должен да ја наведе информацијата со која сака да се запознае и на каков начин сака да се запознае со содржината на бараната информација (увид, препис, фотокопија, електронски запис). Согласно став 5, Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за барање за пристап до информации. Согласно став 6, ако според предметот на барањето произлегува дека се работи за барање за пристап до информации согласно со овој закон, имателот на информацијата задолжително го разгледува барањето во согласност со овој закон.

Согласно член 20 став 3 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Согласно член 24 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер , 1) Ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис. (2) Ако барателот бара да му се даде информацијата на увид, имателот на информацијата е должен да му овозможи увид на тој начин што барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина. (3) Ако, како резултат на добиената информација, произлезе барање за дополнителна информација поврзана со документите кои ги поседува имателот на информацијата, барателот поднесува ново барање, согласно со членовите 15 и 16 од овој закон, заедно со одговорот што веќе го добил. (4) Ако барателот смета дека информацијата со која се запознал не е информација што ја навел во барањето, може да бара од имателот на информации да му се овозможи запознавање со информацијата што ја навел во барањето најдоцна во рок од десет дена по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата. (5) Ако имателот на информацијата не одговори на повторното барање на барателот на информацијата, по истекот на рокот утврден во ставот (4) на овој член, барателот на информација може да подне се жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Согласно член 26 од Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер, право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Судот ги прибави списите по предметот од сега тужениот орган и утврди дека истиот при одлучувањето, правилно ги применил цитираните законски одредби кога врз основа на истите го донел оспореното Решение бр. 08-255 од 23.07.2025 година, со кое Жалбата бр.08-255 од 10.07.2025 година, изјавена од страна на J.M. од Струга, се одбива како неоснована.

Имено, видно од списите во предметот и согласно цитираните законски одредби, Судот утврди дека тужениот орган во оспореното решение правилно утврдил, дека во конкретниот случај, Имателот на информации ги доставил бараните информации по пратеник и по години, како што е наведено во барањето, при што во Одговорот доставил табела за дел од исплатени средства по пратеник за надоместок, на користење на автомобил во лична сопственост за службени цели и надоместок на трошоци за патарина по поднесени патни налози за мандат 2020-2024 година по години и табела за дел од исплатени кирии за пратеник за мандат 2020-2024 години по години, врз основа на Одлука за утврдување на правото на надоместок за закупнина на стан донесена од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во тужбата меѓутоа, истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување од причина што согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација која имателот ја создал или со истата располага. Во конкретниот случај, имателот ја создал и располагал со информацијата и со првостепеното обжалено решение ги дал бараните информации само за 2024 година, но не го одбил барањето за останатите години, туку го известил барателот дека за останатите години сукцесивно ќе ги достави по нивна подготовка и согласно нивната евиденција. Во ниту еден момент, имателот не го одбил барањето на сега тужителот, ниту негирал дека ја има, туку напротив потврдил дека ја има информацијата, но последователно ќе ја достави како ќе бидат подготвени податоците. Постапувајќи согласно решението за уважување на барањето, Имателот со пропратно писмо на 11.07.2025 година, а согласно динамиката на работните активности, на тужителот како барател на информации, сукцесивно му доставил табели со обработени податоци согласно сметководствената евиденција.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Барањето на тужителот, за надомест на трошоците во постапката, Судот го одби како неосновано, согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, според кој, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци на постапката.

Одлучено во Управен суд на 16.04.2026 година, под У-6.бр.654/2025.

Судија
Даниела Антовска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2.

Одлуката да се достави на:
- тужител,
- тужен орган

Согласно со изворникот
Судски службеник

Судија
Даниела Антовска